Бр./Nr 12-159/2
01-02-2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99-та седница одржана на 26.01.2024 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапувањето по предметот број 12-2273/1 од 18.04.2023 година, оформен по доставена пријава за службеното лице ------------ градоначалник на општина ----------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-2273/1 од 18.04.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на непознат подносител, на ден 18.04.2023 година, поднесена е пријава за службеното лице -------------- градоначалник на општина ---------- и оформен е предмет број 12-2273/1 од 18.04.2023 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи дека градоначалникот ------------- при спроведена постапка за јавна набавка бр.22592/2022 за "Подготовка и изработка на промотивни материјали и брендирање на градот", склучил Договор за набавка со економскиот оператор ДМУ "---------" ДОО ---------- застапуван од --------- - управител.

Подносителот на пријавата наведува дека посоченото лице му е близок соработник и член на неговиот кабинет кој прима плата од општината.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање до општина --------- со барање за известување дали лицето --------------- е управител на ДМУ "--------------" ДОО ---------- со кој општината склучил договор за набавка на Услуги "Подготовка и изработка на промотивни материјали и брендирање на градот".

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Од страна на општина ----------, добиен е одговор каде се наведува дека --------- управител на ДМУ "--------------" ДОО ----------, не е вработен во општина --------- ниту е член на кабинетот на градоначалникот.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: Ф.О
Одобрил: м-р Ш.С, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**